FLEXCREDIT
Финансиско друштво ФЛЕКС КРЕДИТ ДОО
Бр. 03-2889/1
13.05 2024 год.
СКОПЈЕ

# ПРАВИЛА ЗА НАГРАДНА ИГРА "ЛЕТО СО 101 НАГРАДА!"

Согласно одредбите од Законот за игрите на среќа и за забавните игри (Сл. весник на РСМ број 24/11, 51/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14, 139/14, 61/15, 154/15, 23/16, 178/16, 90/17 и 251/22 ) се утврдуваат следните правила на наградната игра:

## Член 1
## Приредувач на наградна игра

Приредувач на наградната игра „ Лето со 101 награда'' (''Наградна игра'') е Финансиско друштво ФЛЕКС КРЕДИТ ДОО Скопје, со седиште на ул. Интернационални Бригади бр.15, влез 2, кат 7, 1000 Скопје, со ЕМБС: 7422369 и ЕДБ: 4057020549897 (''Приредувач'').

## Член 2
## Цел на наградната игра

Наградната игра се приредува со цел рекламирање на кредитите кои ги нуди Приредувачот на територијата на Република Северна Македонија и тоа: Кредит со 0% камата, Потрошувачки кредит на рати, Кредит до плата и бизнис кредит.

## Член 3
## Име и времетраење на наградната игра

Официјалното име на Наградната игра е **"ЛЕТО СО 101 НАГРАДА"**.

Наградната игра ќе започне од 01.06.2024 година (сметано од 00:01 часот) и ќе трае до 14.08.2024 година (сметано до 23:59 часот).

## Член 4
## Територија на која се спроведува наградната игра

Наградната игра ќе се приредува на територијата на Република Северна Македонија.

## Член 5
## Информирање на учесниците за Правилата на Наградната игра

Правилата на Наградната игра, начинот и условите за учество во Наградната игра, како и нејзиното времетраење, Приредувачот ќе ги објави на неговата официјална веб страна https://flexcredit.mk/ и фејсбук профил - https://www.facebook.com/flexcreditmk-108387717471837/?ref=py_c, по добивање на согласност од Министерство за Финансии на РСМ, а пред започнување на Наградната игра.

**Член 6**
**Услови за учество на наградната игра**

Право на учество во Наградната игра имаат сите државјани на Република Северна Македонија кои ги исполнуваат општите и посебни услови на Наградната игра.

- *Општи услови:*

Лицето да е на возраст помеѓу 18 и 85 години, да поседува валиден документ за идентификација, трансакциска сметка, ЕЗБО од здравствена легитимација/книшка, мобилен број и електронска адреса (e-mail).

- *Посебни услови:*

Со право на учество во Наградната игра, се стекнува секое лице - кредитокорисник, кое ќе склучи договор за кредит од продуктите на Приредувачот и тоа; Кредит со 0% камата во износ од 5.000,00 денари до 20.000,00 денари, Потрошувачки кредит на рати во износ од 5.000,00 денари до 150.000,00 денари, Кредит до плата во износ од 5.000,00 денари до 20.000,00 денари и/или Бизнис кредит во износ од 15.000,00 денари до 150.000,00 денари во периодот од 01.06.2024 година до 14.08.2024 година. Одобрувањето на кредитите се спроведува согласно условите и политиката на приредувачот објавени на официјалната страна на приредувачот https://flexcredit.mk/.
Во Наградната игра немаат право на учество броевите на кредит кои произлегуваат од договори за кредит кои нема да бидат склучени, како и кои ќе бидат откажани согласно одредбите на Законот за заштита на потрошувачите при потрошувачките кредити.
Кредитокорисниците имаат право да бидат изземени од учество во Наградната игра со потпишување на изјава за изземање од учество во Наградната игра, на образец обезбеден од кредитокорисникот или при електронско аплицирање за кредит, со обележување на полето за изземање од учество во Наградната игра.

**Член 7**
**Забрана за учество во наградната игра**

Во Наградната игра забрана за учество имаат лицата кои се вработени во ФЛЕКС КРЕДИТ ДОО Скопје и членовите на нивните потесни семејства.

**Член 8**
**Тек на постапката на приредување на наградната игра**

Со секој добиен кредит под условите наведени во член 6 од овие Правила и согласно условите и политиката на Приредувачот, кредитокорисникот добива единствен број на кредит, кој број по автоматизам, освен кога не е побарано изземање од учество, учествува во Наградната игра и ќе биде дел од извлекувањето за Наградата.
Нема ограничување во бројот на кредити со кои едно лице може да учествува во Наградната игра.

**Член 9**
**Награден фонд**

Наградниот фонд се состои од 101 (сто и еден) вредносни ваучери и тоа:

- 100 (сто) ваучери од по 3.000,00 денари, во вкупен износ од 300.000,00 денари + 18% ДДВ, односно 354.000,00 денари,
- 1 (еден) ваучер во вредност од 100.000,00 денари + 18% ДДВ, односно 118.000,00 денари.

Вкупниот фонд на наградните вредносни ваучери изнесува 400.000,00 + 18% ДДВ или вкупен износ од 472.000,00 денари со вклучено 18% ДДВ.

Добитникот во Наградната игра нема право да бара награда во различен вид или вредност од Наградата определена во овие Правила.
Замена на наградата вредносен ваучер со други предмети или друга противвредност не е дозволена.

**Член 10**
**Извлекување**

Сите награди-ваучери ќе се извлекуваат во различен период, односно сите кредитокорисници кои склучиле договор за кредит во периодот 01.06.2024 година до 14.08.2024 година ќе бидат дел од извлекувањето на главните награди. Стоковните награди ќе се извлекуваат во 3 (три) фази и тоа:

- На **21.06.2024** година во 12:00 часот, со направен пресек на договори за кредит од 01.06.2024 година (сметано од 00:01 часот) до 20.06.2024 година (сметано до 23:59 часот), ќе се извлекуваат **триесет и три награди - вредносни ваучери**, односно триесет и три вредносни ваучери во износ по 3.000,00 (три илјади) денари, односно вкупен износ на ваучерите 99.000,00 (деведесет и девет илјади) денари + 18% ДДВ, односно вкупен износ од 116.820,00 денари („Награден ваучер од 3.000,00 денари'');
- На **13.07.2024** година во 12:00 часот, со направен пресек на договори за кредит од 01.06.2024 година (сметано од 00:01 часот) до 12.07.2024 година (сметано до 23:59 часот), ќе се извлекуваат **триесет и три награди - вредносни ваучери**, односно триесет и три вредносни ваучери во износ по 3.000,00 (три илјади) денари, односно вкупен износ на ваучерите 99.000,00 (деведесет и девет илјади) денари + 18% ДДВ, односно вкупен износ од 116.820,00 денари („Награден ваучер од 3.000,00 денари'');
- На **15.08.2024** година во 12:00 часот, со направен пресек на договори за кредит од 01.06.2024 година (сметано од 00:01 часот) до 14.08.2024 година (сметано до 23:59 часот), ќе се извлекуваат **триесет и пет награди - вредносни ваучери** и тоа:
  - триесет и четири вредносни ваучери во износ по 3.000,00 (три илјади) денари или вкупен износ на ваучерите 102.000,00 (сто и две илјади) денари + 18% ДДВ, во вкупен износ од 120.360,00 денари,

- еден ваучер од 100.000,00 денари (сто илјади) + 18% ДДВ, во вкупен износ 118.000,00 денари,

Вкупен износ на вредносните ваучери во третото извлекување 202.000,00 (двеста и две илјади) денари + 18% ДДВ, во вкупен износ од 238.360,00 денари („Награден ваучер од 3.000,00 денари' и Награден ваучер од 100.000,00 денари');

Во извлекувањето на Наградата ќе учествуваат сите броеви на кредит кои произлегуваат од договори за кредит склучени во временски период од 01.06.2024 година, а најдоцна до 14.08.2024 година (23:59 часот), освен оние броеви за кои кредитокорисникот побарал изземање од учество во Наградната игра.

Добитниците на Наградата ќе се изберат по случаен избор на број на кредит, од базата на регистрирани броеви на кредит кои стекнале право на учество во Наградната игра.

За секој извлечен добитник ќе се извлече и еден резервен добитник. Доколку се појави пречка за доделување на наградата на добитникот, наградата ќе ја добие првиот резервен добитник.

Приредувачот на наградната игра ќе формира комисија од 3 члена од редот на вработените, за потврдување на резултатите од наградната игра.

Извлекувањето на наградите – вредносните ваучери, ќе се врши во просториите на Приредувачот на ул. Интернациоланни бригади бр.15, влез 2, кат 7, во Гази Баба - Скопје.

Извлекувањето на наградите-вредносни ваучери ќе се прикажува во реално време, преку видео врска (live stream) која ќе се прикажува на facebook профилот на Приредувачот https://www.facebook.com/flexcreditmk-108387717471837/?ref=py_c.

Исто така, видео врската (live stream) ќе се прикажува и на You tube канал, до кој ќе може да се пристапува преку линк поставен на официјалната веб страна на Приредувачот https://flexcredit.mk/.

**Член 11**
**Објавување на резултатите**

Добитниците на Наградата ќе бидат објавени на официјалната веб страна на Приредувачот -https://flexcredit.mk/ и Facebook профилот https://www.facebook.com/flexcreditmk-108387717471837/?ref=py_c во рок од три дена од денот на извлекувањето.

Учесниците во Наградната игра, со самото учество во Наградната игра, се согласни доколку бидат избрани за добитник на Наградата, нивното име и презиме да бидат јавно објавени на горенаведените електронски медиуми.

**Член 12**
**Известување за избран добитник**

Добитниците на вредносните наградни ваучери, за нивниот избор ќе бидат известени преку е-маил порака и телефонско известување.

**Член 13**
**Доделување на Наградата**

Наградата ќе биде доделена на избраниот добитник, доколку истиот имал право на учество во Наградната игра и ако целосно ги почитувал Правилата на наградната игра.

Приредувачот ќе го повика добитникот на наградата во седиштето на Приредувачот заради подигнување на наградата и негова верификација со приложување на валиден документ за идентификација. Добитникот на наградата е должен да се јави за подигнување на наградата и верификација во седиштето на Приредувачот во рок од 5 дена од повикот за верификација и подигнување на наградата.
Доколку Приредувачот не може да оствари контакт со добитникот, на податоците за контакт со кои располага Приредувачот, а дадени од страна на добитникот како кредитокорисник, како и кога Приредувачот нема да добие барање/известување од страна на добитникот за пролонгирање на тука предвидениот рок, во тој случај, резервниот добитник ќе се земе како примарен добитник и ќе ја добие Наградата.
Доделувањето на наградата ќе се врши во рок не подолг од 60 дена од денот на објавувањето на добитникот.
Доколку добитникот се откаже од наградата од која било причина, должен е за тоа да го извести Приредувачот. Во тој случај, резервниот добитник ќе се земе како примарен добитник и ќе ја добие наградата.

**Член 14**

**Согласност за обработка на личните податоци**

Со пополнување на апликацијата за потрошувачки кредит на рати и/или кредит до плата согласно член 6 од овие Правила, учесниците се согласни да ги дадат своите лични податоци на Приредувачот на Наградната игра, вклучувајќи: име, презиме, адреса на живеење, ЕМБГ, број на документ за лична идентификација, ЕЗБО од здраствена легитимација/книшка, телефонски број, е-маил адреса и сл. како податоци кои се неопходни за одобрување на кредит.
Личните податоци од добитникот се обработуваат заради проверка на правото за учество во Наградната игра и за доделување на наградата.
Личните податоци на учесниците нема да се користат за други цели, освен со изречна согласност на учесникот дадена на Приредувачот.
Приредувачот на Наградната игра се обврзува дека личните податоци ќе ги обработува и чува согласно законот за Спречување перење пари и финансирање на тероризам и Законот за заштита на лични податоци.

**Член 15**

**Право на приговор**

Незадоволниот учесник во Наградната игра има право во рок од 3 (три) дена од денот на објавување на добитникот на наградата да поднесе приговор во писмена форма до Приредувачот на Наградната игра, кој е должен во рок од 3 (три) работни дена од денот на приемот на приговорот, писмено да одговори на добиениот приговор.

**Член 16**

**Откажување на Наградната игра**

Приредувачот има право да ја откаже Наградната игра во било која фаза, со поднесување на образложено барање и по добивање на одобрение од Министерството за финансии, согласно член 8 од Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

**Член 17**
**Отстранување на евентуални спорови од Наградната игра**

Во случај на евентуален спор помеѓу Приредувачот и учесниците истиот ќе се решава спогодбено преку медијација или на друг мирен начин, а во случај кога тоа не е можно ќе решава стварно надлежен суд во Скопје.

**Член 18**
**Прифаќање на Правилата**

Лицата кои зеле учество во Наградната игра се претпоставува дека ги разбираат, се согласуваат и ги прифаќаат овие Правила. Овие Правила се задолжителни за учесниците и истите ќе се применуваат по добивање на согласност од Министерството за финансии на Република Северна Македонија и по нивното јавно објавување пред започнување на наградната игра.

ФД ФЛЕКС КРЕДИТ ДОО СКОПЈЕ